Уп. Бр.08-62/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво (*Public Power Corporation S.A.)*, со седиште на Халкокондили бр. 30 - 104 32 Атина, Грција, преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 17.05.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво (*Public Power Corporation S.A.)* со седиште на Халкокондили бр. 30 - 104 32 Атина, Грција над Енел Грин Пауер Романија Д.О.О., со свое седиште во Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 4.2, кат 4, Романија, Е-Дистрибуција Банат А.Д., со свое седиште во Тимишоара, ул. Песталоци, бр. 3-5, Општина Тимиш, Романија, Е-Дистрибуција Доброџеа А.Д., со свое седиште во Констанца, ул. Николае Иорга, бр. 89А, Општина Констанца, Романија, Е-Дистрибуција Мунтениа А.Д., со свое седиште во Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, кат 3, Романија, Енел Енерџи А.Д., со свое седиште во Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 6.8, кат 6, Романија, Енел Енерџи Мунтениа А.Д., со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 6.8, кат 6, Романија, Енел Романија А.Д., со свое седиште на Муниципалитет Буфтеа, Град Буфтеа, Калеа Букурешти-Терговиште, бр. 117, Општина Илфов, Романија, Енел ЕКС Веј Романија Д.О.О., со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 4,7, кат 4, Романија Енел ЕКС Романија Д.О.О, со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 4.11, кат 4, Романија и Енел Трејд Енерџи Д.О.О., со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 7.6, кат 7, Романија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 06.04.2023 година, а дополнето на 11.04.2023 и на 03.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво (*Public Power Corporation S.A.)* со седиште на Халкокондили бр. 30 - 104 32 Атина, Грција (Во понатамошниот текст: ЈПЕЕАД), со која ЈПЕЕАД ќе стекне самостојна контрола над: Енел Грин Пауер Романија Д.О.О., со свое седиште во Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 4.2, кат 4, Романија, Е-Дистрибуција Банат А.Д., со свое седиште во Тимишоара, ул. Песталоци, бр. 3-5, Општина Тимиш, Романија, Е-Дистрибуција Доброџеа А.Д., со свое седиште во Констанца, ул. Николае Иорга, бр. 89А, Општина Констанца, Романија, Е-Дистрибуција Мунтениа А.Д., со свое седиште во Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, кат 3, Романија, Енел Енерџи А.Д., со свое седиште во Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 6.8, кат 6, Романија, Енел Енерџи Мунтениа А.Д., со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 6.8, кат 6, Романија, Енел Романија А.Д., со свое седиште на Муниципалитет Буфтеа, Град Буфтеа, Калеа Букурешти-Тарговиште, бр. 117, Општина Илфов, Романија, Енел ЕКС Веј Романија Д.О.О., со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 4,7, кат 4, Романија Енел ЕКС Романија Д.О.О, со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 4.11, кат 4, Романија и Енел Трејд Енерџи Д.О.О., со свое седиште на Букурешт Сектор 3, Булевар Мирцеа Вода, бр. 30, соба 7.6, кат 7, Романија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЈПЕЕАД** е грчко акционерско друштво, јавно акционерско друштво на Главниот пазар на Атинската берза и матично друштво на Групацијата ЈПЕЕАД. ЈПЕЕАД е водечки производител и снабдувач на електрична енергија во Грција. ЈПЕЕАД, исто така, има 51% удел во Хелених Дистрибјушн Нетворк Оперејтор С.А. која ја поседува и управува со електродистрибутивната мрежа во Грција. ЈПЕЕАД работи првенствено во Грција, каде што се наоѓаат сите нејзини производствени средства.

ЈПЕЕАД поседува 100% од акциите во ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје, со седиште на Столтенбергова 4, зграда 1, В5-1 1/стан СУ бр. 4, Центар Скопје, Северна Македонија, со регистрираната дејност трговија со електрична енергија.

Претпријатијата над кои се стекнува контрола (**Енел Грин Пауер Романија Д.О.О., Е-Дистрибуција Банат А.Д**., **Е-Дистрибуција Доброџеа А.Д., Е-Дистрибуција Мунтениа А.Д., Енел Енерџи А.Д., Енел Енерџи Мунтениа А.Д**., **Енел Романија А.Д., Енел ЕКС Веј Романија Д.О.О**., **Енел ЕКС Романија Д.О.О, Енел Трејд Енерџи Д.О.О**.,) се активни во производството на обновлива енергија, снабдување и дистрибуција на

електрична енергија и снабдување со природен гас, како и помошни услуги и комплементарни дополнителни услуги и производи и услуги насочени кон олеснување на енергетската транзиција во Романија. Истите се активни само во Романија и ниту работат ниту создаваат промет надвор од Романија.

Претпријатијата над кои се стекнува контрола не генерираат никаков промет и немаат претпријатија-ќерки во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**